Бр. 04-118/11
13.02.2025 година
Скопје

# ЗАПИСНИК
## за спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Закон за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр. 102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 238/19) и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 167/21) на ден 13.02.2025 година со почеток во 10.00 часот, во службените простории на Инспекциски совет, пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од в.д. Директорот на Управата за заштита на културното наследство со бр. 12-118/5 од 29.01.2025 година, се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата во состав:
1. Ментор на кандидатот - Жаклина Петровска – Генерален инспектор;
2. Сарита Карпузова - Советник инспектор;
3. Марија Пујаз - Советник инспектор;
4. Ќермедин Селими – член на Инспекциски совет.

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Марија Димоска, кандидат за Помошник инспектор во Одделение за инспекциски надзор на културното наследство, Сектор за превенција и инспекциски надзор на културното наследство при Управата за заштита на културното наследство, која избра симулација на вонреден инспекциски надзор на работењето согласно Закон за заштита на културното наследство.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 238/19) и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 167/21), при што кандидатот за инспектор Марија Димоска изврши симултан инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на

инспекцискиот надзор со зготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

По презентирањето и симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот Марија Димоска, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор – 14 бодови;
- Спроведување на инспекциски надзор – 29 бодови;
- Затворање на инспекциски надзор – 29 бодови и
- Документирање на инспекциски надзор – 14 бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Марија Димоска освои вкупно 86 бодови со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:
- Почеток во 10.00 часот на ден 13.02.2025 година
- Завршување во 15.00 часот на ден 13.02.2025 година.

Комисија за полагање на
практичен дел од испит

1. Жаклина Петровска__________
2. Сарита Карпузова __________
3. Марија Пујаз__________
4. Ќерамедин Селими__________

QERAMEDIN SELIMI

Доставено до:

-именуваните
-Архива